ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“- Карпош, Скопје

# ОДИМЕ ВО ГРАДИНКА

ИНФОРМАТОР ЗА РОДИТЕЛИ

ДОБРО ДОЈДОВТЕ ,

во Јавната Установа Општинска Детска Градинка

„Мајски Цвет “-Карпош, Скопје

Особено ни е драго што токму нам ни ја доверивте грижата за вашето дете.

Преку овој информатор имаме за цел подетално да ве информираме и да ви дадеме одговор на најчесто поставуваните прашања од страна на родителите во текот на запишувањето и престојот на детето во градинка.

Се надеваме дека овие основни информации ќе ви бидат корисни и дека ќе овозможат да го започнеме одењето на детето во градинка побезгрижно.

**Она што нашата градинката може да им го понуди на децата , а вие тоа не можете да им го овозможите дома е следното:**

- **Врсници**

  Поголема група на деца од приближно иста возраст со кое вашето дете го поминува времето во нашата градинка во разновидни активности.

- **Развојна програма**

  Национална програма за рано учење и развој.
  Програма преку која системски и сестрано ,низ различни облици на насочени и слободни активности се поттикнува во целост развојот на детската личност ,во согласност со личните развојни можности и возраста на детето.

### Воспитувачи и негувателки

Тоа се професионалци чија задача е целото свое работно време да го посветат на децата и на различни начини да ги насочуваат и развиваат сите аспекти на детската личност.
Сето ова се реализира преку внимателно одбрани содржини , прилагодени на возраста и планирани и реализирани така што овозможуваат динамика на денот со одредена воспитно-образовна цел.

### Дневните активности овозможуваат:

- чест престој на свеж воздух
- попладневен одмор
- создавање хигиенски навики
- создавање културни навики
- развој на говорот
- развивање и поттикнување на активности поврзани со играта и творештвото
- развивање на свест за сопствената личност
- стекнување на голем број нови поими , претстави , знаења, вештини
- и уште многу други внимателно одбрани содржини прилагодени на возраста и личниот развој на детето и неговите афинитети.

### Нашата градинка ви го овозможува и следното:

**Разновидна и правилна исхрана**

**-**разновидна и правилна исхрана
-внимателно одбрани продукти
-без кондиторски производи
-домашно зготвена храна

- **Не е дозволено носење на храна што не е подготвена од градинката**
- Исклучок од ова правило се здравствени состојби на детето (пр. алергии) на кои што градинката не може да излезе во пресрет.

( состојбата на детето треба да биде потврдена од специјалист од соодветна област)

- Бројот на приготвено топли оброци зависи од бројот на пријавени деца што го прават одговорните во групата рано наутро

Затоа ве молиме да го почитувате дневниот ред во градинката и децата да бидат донесени во градинка до 08:15 часот

**( препорачуваме 08:00 часот)**

- Децата што поради оправдани причини родителите би ги донеле подоцна во текот на денот ,треба да бидат најавени

- Во зависност од дневното мени , **можно е** втората ужинка да **не биде подготвена до 12:30 часот** ,па така што децата што би си **оделе пред попладневниот нема да можат да ја земат и втората ужинка**

- За одбележување на родендените или други настани за кои што родителите решиле да ги прослават децата во градинка да носат исклучително производи што имаат декларација. **Во ниту еден друг случај не е дозволено носење производи од надвор за надополнување исхраната или частење.** Секоја настан треба да биде најавен.

## Стручна служба

**Директор**

- Директно учество во сите сегменти во работењето на установата
- Отворен ден за прием на родители – секогаш достапни во договор со родителите.

***П*едагог**-м-р. Фросина Ангелова

Педагогот е дел од стручниот тим .Воспитно –образовната работа е подрачје што целосно ги опфаќа сите сегменти на животот и работата на возрасните и децата.

Го организира и следи воспитно образовниот процес , обезбедува квалитетни воспитно-образовни услови за сите деца ,предлага начини и облици на збогатување на воспитно-образовниот процес.

Го следи развојот на детето, ја иницира соработката помеѓу детската градинка ,семејството и други институции,чија цел е воспитно-образовно делување.

**Логопед -**Марија Пецаноски

Логопедската работа многу е тешко да се одвои како посебна затоа што говорниот проблем претставува истовремено дел од психолошкиот,дефектолошкиот, психијатрискиот, педијатрискиот и невролошкиот дел од проблематиката..Најчести нарушувања со кои логопедот се сретнува се: фонолошко – артикулаторни нарушувања, нарушување на ритамот и темпото на говор (пелтечење, брз говор),забавен или недоволно развиен говор, специфични јазични нарушувања и аутизам.Во рамките на своите програмски активности логопедот посебно внимание посветува на раната детекција и раната интервенција, а особена улога има во дијагностика и третман на говорно – јазични нарушувања кај децата.Во соработка со другите стручни работници и соработници, логопедот значајно допридонесува за мултидисциплинарниот, холистички пристап во воспитно – образовната дејност на децата.

**Специјален едукатор и рехабилитатор**: м-р Катерина Банџо

Специјалниот едукатор и рехабилитатор е дел од стручниот тим во градинката. Учествува во идентификација на развојните отстапувања кај децата на рана возраст, стимулација и следење на когнитивниот, телесниот, сензомоторниот, психомоторниот, говорниот и социо-емоционалниот развој. Ги проценува нивните специфични потреби и дава стручна поддршка во создавање на услови за оптимален развој и напредок во склад со можностите и способностите. Соработува со родителите и дава помош и поддршка со

цел прифаќање и разбирање на состојбата на детето. По потреба соработува со институции и специјализирани установи.

Поседува сертификат за сензорна интеграциска педагогија - AYRES педагогија (работа во Сензорна соба).

Стручен соработник- музички педагог ,Филип Николовски

Уште од најрана возраст детето побудува посебен интерес за музиkа која го поттикнува неговиот развој а посебно неговите сетила. Таа внесува ведрина, радост и расположение кај децата. Целта на музичкото воспитание е развивање на желбата за слушање музика, пеење песни пропратени со движења и свирење на детски музички инструменти. Чувството за ритам и динамика и осетот за мелодија се развива со континуирано и организирано поттикнување. Стручниот соработник по музичко воспитание во градинката има за задача да ја развие и љубовта кон музиката кај сите возрасни групи

## Советувалиште за деца и родители „Јасмин“

Во објектот „Јасмин“ работи и советувалиштето за деца и родители – „Јасмин“ .Тимот на советувалиштето е мултидисциплинарен ,инклузивен тим од различни образовни профили.Советувалиштето работи секој ден по договор со родителите.

## Проекти што се изведуваат

-на ниво на градинка

Проектите што се реализираат на ниво на градинка се иницирани од децата ,родителите , воспитувачите/негувателите , стручниот тим .Може да бидат реализирани на ниво на еден објект или градинка.

-<u>на ниво на воспитна група</u>

Секоја воспитна група (2-4 год) во текот на годината реализира еден проект на ниво на својата воспитна група. Резултатите од работењето ги презентира пред родителите.

<u>-во соработка со други институции</u>

Во соработка со други институции (музеи ,зоо-градина ,еколошки друштва ,други градинки ,училишта)можно е да се реализираат проекти на различни нивоа.

**Уписи**

Запишувањето во градинката се врши секој ден од 09 :30 до 13: 30 часот во сите објекти на градинката .

Објект :„Тафталиџе “-одговорно лице –Марија Пецаноски

Објект :„Тафталиџе 1“- раководител – Андријана Стојанова

Објект :„Тафталиџе 2“ и „Јасмин“ – раководител Елизбета Ристевска

За сите објекти м-р Фросина Ангелова ,педагог.

Во градинка можат да се запишат сите деца на возраст од 9 месеци до 6 години. Запишувањето во градинка треба да го направат родителите/старателите на детето. Процесот на запишување се одвива на следниот начин: се пополнува апликација (со апликацијата се изразува интерес за запишување на детето во нашата градинка). Ако детето е примено во нашата градинка родителите ќе бидат контактирани и известени од страна на раководителот на објектот каде што треба да престојува детето. .Доколку е позитивен одговорот за прием ,родителите треба да дојадат да пополнат пријава и да ги обезбедат останатите потребни документи за упис во градинка.

Пожелно е родителите и детето да дојдат заедно со своето дете при подигање на пријавата од градинка .

Родителите можат да направат упис на децата за било кој од објектите на нашата градинка , а тоа се објектот „**Тафталиџе**“ на ул. „Римска “бр. 2 ;„**Тафталиџе -1“**на ул. „Варшавска “бр.15;„**Јасмин“ и „Тафталиџе-2**“ на ул.„Женевска“бр.4.

## Цена

Цената за целодневен престој во градинката ,што подразбира згрижување на детето од 8 до 11 часа , два главни оброци (појадок и ручек) и две ужинки , вклучително и воспитно-образовниот процес во градинката изнесува 2000,00 ден .месечно. Плаќањето е авансно. При подолго континуирано отсуство се врши корекција на уплатата.

**Уплата мора да биде најдоцна до 15 во тековниот месец**.( При нередовна уплата од два последователни месеци ,детето нема да биде примено во градинката)

## Адаптација

Адаптација или прилагодување претставува време кое е потребно за навикнување на престојот во градинката, а кое е пропратено со реакција на детето заради одвојувањето од домот, од родителите, отпор кон барањата на родителите и градинката. Утринското одвојување е пропратено со бурни реакции на плачење, не одвојување од родителот со грчевито тегнење и влечење за него, понекогаш и агресивно однесување или пак повлекување во себе и одбивање на комуникација со возрасните во градинката.

Има една карактеристичност во процесот на адаптацијата- детето плаче и вришти и се тегне држејќи се за него панично се` додека е родителот тука, но, по неговото заминување, однесувањето на детето се менува, се смирува и не мисли на родителите. Зошто е тоа така? Тоа е последица на стресот што детето го доживува при разделбата со родителскиот дом и доаѓањето во нови, за него, невообичаени услови. Адаптацијата во градинката подразбира криза која е болна затоа што во

животот на детето премногу работи се менуваат. Прво се менува односот кон него, потоа се менуваат неговите права и се појавуваат некои нови обврски. Не му е лесно да се навикне на барањата на средината да биде "едно од...", а не "единствено и неповторливо". Сето тоа бара време и прилично високи адаптивни способности, особено кога се работи за дете кое е единец/ка во семејството.

Временските рамки на адаптациониот период се релативни. Се смета дека тој период не би требало да трае повеќе од два до три месеци. Сигнал за неговото завршување е кога ќе се насети стабилизација во детската состојба односно детското расположение.

Совети кои може да му бидат корисни на родителот

- При доаѓање во градинка треба да воспоставите топла комуникација со воспитувачката/негувателката.
- Редовност во одењето во градинка.
- Дозволете му на детето да си ја носи играчката за која е емоционално врзано, а која ќе му помогне да се смири.
- Лично носете го детето во градинка.
- Со детето одвојте се смирено, стрпливо, нежно , но и одлучно.
- Дефинирајте му, со терминологии што тоа ги разбира, колку време ќе помине во градинка без вас (пр.одам на работа и ...)
- Нагласете му со сигурност кога ќе дојдете по него/неа (пр.кога ќе завршам со работата ќе се вратам да те земам од градинка)
- Потврдете му дека во градинката ќе се грижат се` до вашето доаѓање ("учителките ќе те чуваат додека да се вратам")
- Покажете му дека се интересирате за игрите во градинката, другарчињата, за некои случувања како и за се` она што е поврзано со животот во градинката.

Периодот на адаптација не го поминуваат само децата ,туку и нивните родители. Затоа членовите на семејството треба да си ги следат своите чувства и за нив и самите да станат свесни, а со тоа и да се себеспознаваат во новонастанатата ситуација.

## Воспитни групи

Децата во градинката се распределени по возрасни воспитни групи.

За секоја група за децата од 9 до 24 месеци , за воспитно-образовната работа се задолжени две негувателки.

За секоја група за децата од 2 до 6 години се задолжени една воспитувачка и една негувателка.

Онаму каде што стручниот тим на градинката ќе процени дека е потребна поинаква организација ,можно е оваа практика да биде поинаква.(во зависност од расположливите човечки ресурси на градинката и потребите на групата)

## Распоред на дневни активности ( орјентационо)

### За деца на возраст од 9 до 24 месеци

| **Целодневен престој** | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| прием на деца и слободни активности | до 8,15 |
| подготовка за појадок и појадок | 8,30 |
| Тоалет | 9,00 |
| реализација за дневно планирање | 10,00 |
| слободни игри и престој на воздух | 10,30 |
| Ужинка | 10,30 |
| тоалет, подготовки за ручек | 11,00 |
| ручек | 11,30 |
| миење раце и тоалет | 12,00 |
| пасивен одмор –спиење | 12,30 |
| Ужинка | 15,00 |
| слободни игри | 16,00 |
| заминување на децата | до 18,00 |

### За деца  на возраст од 2 до 4 години

| **Целодневен престој** | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| прием на деца и слободни активности –игри по избор на децата | до 8,15 |

| | |
|---|---|
| утринска гимнастика | 8,15 |
| Појадок | 8,30 |
| реализација за дневно планирање | 9,00 |
| Ужинка | 10,00 |
| реализација за дневно планирање | 10,30 |
| прошетки,набљудувања и престој на воздух | 11,00 |
| Ручек | 12,15 |
| пасивен одмор –спиење | 12,45 |
| Ужинка | 14,45 |
| реализација за дневно планирање | 15,15 |
| слободни игри | 16,30 |
| средување на занималните | 17,30 |
| заминување на децата | до18,00 |

## За деца на возраст од 4 до 6 години:

| Целодневен престој | |
|---|---|
| **А к т и в н о с т и** | **В р е м е** |
| прием на деца и слободни активности –игри по избор на децата | до 8,15 |
| утринска гимнастика | 8,15 |
| Појадок | 8,30 |
| реализација за дневно планирање | 9,00 |
| Ужинка | 10,00 |
| реализација за дневно планирање | 10,30 |
| прошетки,набљудувања и престој на воздух | 11,15 |
| средување на занималната | 12,00 |
| Ручек | 12,15 |
| пасивен одмор –спиење | 12,45 |
| Ужинка | 14,30 |
| реализација на факултативни програми-програма по избор на родителите и децата (јазик,балет...) | 15,00 |
| реализација за дневно планирање | 15.30 |
| слободни игри | 16,45 |
| средување на занималните | 17,30 |
| заминување на децата | до18,00 |

- ве молиме особено да го почитувате периодот на пристигнување на децата во градинка

**Децата треба да бидат во градинка пред 8: 15 часот, ние препорачуваме пред 08:00 часот затоа што на тој начин целосно ќе можат да учествуваат во подготовките за појадок (тоалет, правилно миење на раце, чекање на ред ,развој на трпение и културно хигиенски навики, подготовка и учество во делење на појадок, доволно време за да се прилагоди на активностите што претходат но и за време на појадокот)**

## Права и обврски на родителите

Активното учество на родителите во нашата градинка со себе носи права, обврски и одговорности.

**Родителите во детската градинка имаат право:**

- Да бидат информирани
- Да бараат стручна помош
- Да ги следат развојот и напредувањето на детето заедно со воспитувачите, негувателите и стручниот тим во градинката
- Да учествуваат во работата на градинката.

**Родителите имаат обврска:**

- Лично да го носат и да го земаат детето во градинка или да го најават лицето што би го зело детето наместо нив
- **Во градинка да носат само здрави деца, а по завршувањето на лекувањето, да приложат потврда од лекар**
- За секоја промена во здравствената состојба на детето задолжително треба да се информираат одговорните во групата
- Секое отсуство на детето треба да се најави
- Да оставаат број за контакт што е секогаш достапен во итни случаи
- Детето да го облечат слоевито, во согласност со временските услови, кои се променливи и да донесат резервна облека и посебни обувки за престој во градинка
- За одбележување на родендените да носат исклучиво производи што имаат декларација
- Оставањето вреден накит или вредни предмети додека детето е во градинката е исклучиво на ваша одговорност
- Да бараат информации исклучително за своето дете

- При одредени забелешки , укажувања ,сугестии ,критики тоа да го направат на само ,во канцеларија и со уредно закажан термин(не во групата ,не пред децата или случајни минувачи)
- Родителите немаат право да бараат испишување на било кое друго дете што престојува во нашата градинка
- Ве молиме децата што ќе бидат земени пред попладневниот одмор да бидат најавени ,но исто така доколку ги зема некој друг освен родителите лицето да биде најавено
- При случај на развод ,доколку не е изречена судска забрана за не пристапност на родител до детето ,не може да се очекува вработените да не го дадат детето на било кој од родителите

**Посебна напомена*

*Ве известуваме дека во случај вашето дете да има покачена температура или друга здравствена состојба што е загрижувачка, вработените се должни да ве повикаат за да го земете детето.* ***Ако веднаш не го земете од градинка детето со покачена температура или, пак, ако детето биде испратено дома со покачена температура, а вратено во градинка следниот ден со потврда од матичен лекар, издадената потврда дека е детето здраво градинката по службена должност ќе ја приложи до Центарот за јавно здравје со податоци за матичниот лекар или телефонски број на родителите.***

*Во градинка престојуваат само здрави деца!*

*Имајте предвид дека ова се деца во развој кај кои првите фебрилни конвулзии (грчеви), алергии и слично се појавуваат во текот на растењето.*

***Заради благосостојба на сите деца и почитување на правилата на градинката, ве молиме целосно да го почитувате куќниот ред.***

## Родителски средби, семејни работилници, отворени денови

Во градинката има две групни родителски средби ,првата е кон средината на **септември** , а втората кон крајот на **февруари.**

Во текот на годината ќе бидат организирани семејни работилници ,креативни работилници ,денови за дружење ,отворени денови...а за сите случувања ќе бидете навремено известени (10 дена пред настанот)

Во овие денови воспитувачките и негувателките ќе бидат присутни на своите работни места од 07:00/08:00 часот до 17:30 часот. Доколку чувствувате потреба за поцелосно ,подетално информирање за развојот на вашето дете ,можете да ги искористите и овие денови со претходно закажување на терминот кај воспитувачката или негувателката.

Доколку имате потреба за разговор секој ден ,со претходен договор, е сосема соодветен.

## Дворот на градинката

Дворот на градинката е често посетувано место од децата ,затоа ве молиме:

- Дворот, особено песочникот во кој што играат децата да не се користи за прошетка на кучиња и вршење на нивните физиолошки потреби. Очекуваме не само да не го користите овој простор за тоа туку и да реагирате соодветно на лица што го употребуваат за оваа намена.
- Сите декоративни и игровни елемнети да бидат соодветно чувани и користени.
- Сите отпадоци да не фрлате попатно туку на соодветно место.

*Вашиот личен пример зборува многу повеќе од илјада зборови.

## Лето во градинка

Градинката е отворена во текот на целото лето. Заради користење на годишни одмори на вработените и намалување на бројот на децата во групите , во градинката има поинаков распоред (спојување на групите) но **дневните активности остануваат исти.Сепак препорачуваме детето во текот на летниот период да направи пазуа од градинката најмлку 10 до 15 работни денови.**Секогаш имајте во предвид дека и децата имаат потреба од одмор од вообичаеното секојдневие.

## Скратени програми

**Незадолжителни ,** скратени програми во градинката има за странски јазик ,танц, глума ,спорт.....(Скратените програми се менливи во зависност од барањата на родителите и претходното искуство )Овие активности дополнително се наплатуваат на изведувачите на овие програми. Подетално со овие програми родителите ќе се запознаат на родителска средба со нивните претставници.

## Отпишување од градинка

Отпишувањето од градинката се врши со пополнување на изјава од страна на родителот/старателот .Целосното отпишување (отпишување од електронскиот дневник) се врши по подмирување на сите трошоци кон градинката.

**ВЕ МОЛИМЕ ДА ЈА ПОЧИТУВАТЕ ПОЛИТИКАТА НА ГРАДИНКАТА И НЕЈЗИНИОТ ДНЕВЕН РЕД.**

Наша заедничка цел е да ги обезбедиме сите услови за развој на природните потенцијали: физички, психички и социјални што се неопходни за безгрижно детство.

Со запишувањето на детето во нашата градинка, стануваме соработници во растењето и развојот на вашите деца.

За сите прашања на кои не дадовме одговор ,ве молиме обратете се до одговорните во групите, одговорните на објектите, стручната служба или директор.

Изработиле:

Директор: Т.Б.Миладиновска

Педагог : м-р Ф. Ангелова

**„Некој поет рекол дека секое дете има крилја, само треба да се сети каде му растат некаде скриени и тогаш веднаш ќе полета “(М.Антиќ).**

ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“- Карпош, Скопје

*ноември/25